# Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници

Финансиски извештаи за годината што завршува на 31 Декември 2016 година и Извештај на независниот ревизор

Скопје, Април 2017 година

## СОДРЖИНА


| | Страна |
|---|---|
| Извештај на независниот ревизор до КОАЛИЦИЈАТА СЕКСУАЛНИ И ЗДРАВСТВЕНИ ПРАВА НА МАРГИНАЛИЗИРАНИ ЗАЕДНИЦИ | 3 – 4 |
| Финансиски извештаи | |
| Биланс на приходи и расходи | 5 |
| Биланс на состојбата | 6 |
| Белешки кон Финансиските извештаи | 7–19 |

**Додатоци**

**Додаток 1** - Законска обврска за составување на годишна сметка и годишен извештај за работење

**Додаток 2**– Годишна сметка (Биланс на приходи и расходи и Биланс на состојба)

**Додаток 3**– Годишен извештај за работењето за 2016 година

МСФИ ревизија

# МСФИ РЕВИЗИЈА ТП – СКОПЈЕ

11 Октомври 1А Кат 2, Плоштад Македонија ББ Скопје
Даночен број: 5080012502283
Телефон: 02 3 1123 23 иМобилен: 070333 713
www.msfirevizija.com.mk; e-mail: revizija@msfi.mk

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР
## ДО РАКОВОДСТВОТО НА КОАЛИЦИЈАТА СЕКСУАЛНИ И ЗДРАВСТВЕНИ ПРАВА НА МАРГИНАЛИЗИРАНИ ЗАЕДНИЦИ

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи (страна 5 – 19) на Коалицијата Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници (во понатамошниот текст „Коалиција"), кои се состојат од билансот на состојбата на ден 31 декември 2016 година и билансот на приходите и расходите и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

***Одговорност на раководството за финансиските извештаи***

Раководството на Коалицијата е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и интерна контрола за која раководството смета дека е неопходна за подготвување на финансиските извештаи кои не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со ревизорските стандарди кои се во примена во Република Македонија. Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи не содржат материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување на финансиските извештаи, настанато како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Коалицијата интерната контрола на Коалицијата. Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

# МСФИ РЕВИЗИЈА ТП – СКОПЈЕ

МСФИ ревизија

11 Октомври 1А Кат 2, Плоштад Македонија ББ Скопје
Даночен број: 5080012502283
Телефон: 02 3 1123 23 иМобилен: 070333 713
www.msfirevizija.com.mk; e-mail: revizija@msfi.mk


**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжение)**
**ДО РАКОВОДСТВОТО НА КОАЛИЦИЈА СЕКСУАЛНИ И ЗДРАВСТВЕНИ ПРАВА НА МАРГИНАЛИЗИРАНИ ЗАЕДНИЦИ**

***Мислење***

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Коалицијата Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници на ден 31 декември 2016 година, и резултатите од работењето за годината што тогаш завршува, во согласност со Законот за сметководство на непрофитните организации.

***Извештај за други правни и регулаторни барања***

Раководството на Коалицијата е одговорно за изготвување на годишниот извештај (прилог 1 кон финансиските извештаи) и завршната сметка (прилог 2 кон финансиските извештаи) во согласност со Законот за сметководство на непрофитните организации и истите беа прифатени и одобрени од раководството на Коалицијата ден 28 февруари 2017 година. Наша одговорност е да издадеме мислење во врска со конзистентноста на годишниот извештај со завршната сметка и финансиски извештаи на Коалицијата. Ние ги извршивме нашите постапки во согласност со Законот за ревизија на Република Македонија и Меѓународниот стандард за ревизија 720 – Одговорности на ревизорот во врска со други информации во документи кои содржат ревидирани финансиски извештаи. Според наше мислење историските финансиски информации обелоденети во годишниот извештај се конзистентни со завршната сметка и приложените ревидирани финансиски извештаи на Коалицијата за годината што завршува на 31 декември 2016 година.

Скопје, 26 април 2017 година

МСФИ Ревизија ТП –
Скопје
Управител
Жарко Михајловски

Овластен ревизор
Жарко Михајловски

## БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ

**за годината што завршува на**

**31 Декември 2016**

(во 000 Денари)

| | Белешка | 31 Декември 2016 | 31 Декември 2015 |
|---|---|---|---|
| Вкупни приходи | **4** | 10.406 | 7.064 |
| Вкупни расходи | **5** | (9.032) | (6.907) |
| Пренесен дел на вишокот на приходите од претходната година | **4** | 139 | - |
| ***Вишок на приходи – добивка пред оданочување*** | | *1.513* | *157* |
| Данок на добивка | | (39) | (18) |
| ***ВИШОК НА ПРИХОДИ НАД РАСХОДИ ПО ОДАНОЧУВАЊЕ*** | | ***1.474*** | ***139*** |

**Белешките преставуваат составен дел на финансиските извештаи**

***Приложените финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на Коалицијата на ден 28 февруари 2017 година и се потпишани во негово име од страна на:***

| | |
|---|---|
| Одговорен за составување на финансиските извештаи | Претседател<br>Ирена Цветковиќ |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА
**на 31 Декември 2016**
(во 000 Денари)

| | Беле шка | 31 Декември 2016 | 31 Декември 2015 |
|---|---|---|---|
| **А СРЕДСТВА** | | | |
| **НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 6 | 60 | 124 |
| *Вкупно нетековни средства* | | *60* | *124* |
| **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Парични средства | 7 | 1.490 | 133 |
| Останати побарувања | 8 | 27 | 15 |
| *Вкупно тековни средства* | | *1.517* | *148* |
| ***ВКУПНО СРЕДСТВА*** | | ***1.577*** | ***272*** |
| **Б ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Деловен фонд | 9 | 57 | 121 |
| Ревалоризациони резерви | 9 | 3 | 3 |
| Вишок на приходи над расходи по оданочување | | 1.474 | 139 |
| *Вкупни извори на деловни средства* | | *1.534* | *263* |
| **В ОБВРСКИ** | | | |
| Останати обврски | 10 | 43 | 9 |
| *Вкупно тековни обврски* | | *43* | *9* |
| ***ВКУПНО ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА И ОБВРСКИ*** | | ***1.577*** | ***272*** |

**Белешките преставуваат составен дел на финансиските извештаи**

***Приложените финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на Коалицијата на ден 28 февруари 2017 година и се потпишани во негово име од страна на:***

Одговорен за составување на финансиските извештаи

Претседател
Ирена Цветковиќ

## 1. ОПШТА ИНФОРМАЦИЈА ЗА КОАЛИЦИЈАТА СЕКСУАЛНИ И ЗДРАВСТВЕНИ ПРАВА НА МАРГИНАЛИЗИРАНИ ЗАЕДНИЦИ

„Коалицијата СЕКСУАЛНИ И ЗДРАВСТВЕНИ ПРАВА НА МАРГИНАЛИЗИРАНИ ЗАЕДНИЦИ", Скопје во понатамошниот текст (Коалицијата) основана е на 14.02.2011 година како непрофитна организација во согласност со Законот за здруженија и фондации и е запишана во регистарот на здруженија и сојузи.

Даночен број: 4080011519820

ЕМБС: 6682383

Како основачи на коалицијата се запишани:

- „ИЗБОР" - Струмица со ЕМБС 5196248, ул. Браќа Миладинови бр.55/3 Струмица
- „Здружение на граѓани ХОПС - опции за здрав живот" - Скопје со ЕМБС 5290350 Капан Ан –лок бр.3/Скопје Центар
- „Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. - Асоцијација за здравствена едукација и истражување" со ЕМБС 5380120
- „Здружение на граѓани Еднаквост за геј и лезбејки - ЕГАЛ" - Скопје со ЕМБС 5943507 Ул. Димитрие Чуповски бр.4-4/14 Скопје
- „Здружение за поддршка на маргинализираните работници СТАР-СТАР" - Скопје со ЕМБС 6589634 ул.Христо Смирненски бр.46-2/12 Скопје

Дејност на Коалицијата е: 94.99 - Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место

Цели и задачи на Коалицијата се:

- Зголемена јавна свест за правата на маргинализираните заедници;
- Овозможување на еднаков пристап на маргинализираните заедници до здравствени, социјални услуги и еднаков пристап до правдата, воспоставување на подржувачка околина за остварување на истите, зајакнување на активизмот во насока на остварување на сопствените права;
- Следење на случаи на дискриминација и следење на мерките за заштита од дискриминација, зајакнување на комуникацијата и соработка на граѓанскиот, државниот и приватниот сектор во сверата на заштита на човековите права и еднакви можности на маргинализирание заедници;
- Предлагање на мерки и активности на надлежните органи и институции,вклучување во меѓународни акции и активности посветени на човековите права со слични организации.

## 2. ОСНОВА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

### 2.1 Основа за подготовка

Коалицијата ги подготвува финансиските извештаи во согласност со законските прописи кои се применуваат во Република Македонија, а се однесуваат на работењето на непрофитните организации, во прв ред Законот за сметководството за непрофитните организации ("Службен весник на РМ" број 24/03...154/15) и соодветните подзаконски прописи донесени врз основа на истиот.

Овие Финансиски извештаи ги прикажуваат средствата и обврските, приходите и расходите кои се однесуваат на работењето на Коалицијата.

Веродостојноста е поткрепена со фактот дека Коалицијата ќе продолжи да работи во иднина.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Во продолжение е изнесено резиме на значајните сметководствени политики кои беа применети при изготвувањето на Финансиските извештаи на Коалицијата за годината што завршува на 31 Декември 2016.

### 3.1 Приходи и расходи

Признавањето на приходите и расходите кај Коалицијата се спроведува согласно член 13 од Законот за сметководството за непрофитните организации ("Службен весник на РМ" број 24/03...154/15) и член 18 од Правилникот за сметководството за непрофитните организации("Службен весник на РМ"број 42/03, 08/09 и 175/11), односно според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции.

Според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени односно, трансакции, приходите се признаат во пресметковниот период во којшто настанале според критериумот на мерливост и расположливост. Приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно. Приходите се расположливи кога се остварени во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

Според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции, расходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

## 3.2 Материјални средства

### *3.2.1. Почетно вреднување*

Материјалните средства (постројките и опремата) почетно се вреднуваат согласно член 14 од Законот за сметководство за непрофитните организации според кое третман на долгорочни средства имаат средствата чиј век на траење е подолг од една година и чија поединечна вредност во моментот на набавка е повисока од 300 евра во денарска противвредност. Долгорочните средства, Коалицијата почетно ги вреднува по набавна вредност намалена за вкупниот износ на пресметаната амортизација. Набавната вредност на долгорочните средства ја сочинува куповната цена зголемена за увозни царини, данок на додадена вредност, издатоците за превоз и сите други издатоци кои директно можат да се додадат на набавната вредност, односно на трошоците за набавка.

### *3.2.2. Последователни издатоци*

Издатоците направени за замена на дел од материјалните средства се евидентираат одделно и се капитализираат само доколку се веројатни идните економски користи што ќе претставуваат приливи во Коалицијата.

### *3.2.3. Амортизација*

Амортизацијата се спроведува со праволиниска метода на отпис која доследно се применува од пресметковен период во пресметковен период, со примена на годишните стапки кои се составен дел на Правилникот за сметководството за непрофитните организации. Амортизацијата се пресметува поединечно за секое средство во рамките на групите пропишани со Правилникот се додека вредноста на долгорочните средства не биде во целост надоместена. Корисниот век на употреба, односно рокот на отпишување на долгорочните средства се одредува согласно со пропишаните стапки. Во продолжение се дадени годишни стапки за амортизација на материјалните средства, применети на некои позначајни ставки:

| | |
|---|---|
| Градежни објекти | 1% |
| Опрема | 14% |
| Компјутерска опрема и софтвер | 20% |
| Мебел | 12% |
| Моторни возила | 15% |

### *3.2.4. Ревалоризација*

Пресметката на ревалоризација на долгорочните средства (материјалните и нематеријалните средства) Коалицијата ја врши согласно член 15 од Законот за сметководството за непрофитните организации и членовите 29 и 29-а од Правилникот за сметководството за непрофитните организации. Согласно цитираните законски одредби, пресметката на ревалоризација се врши во следните случаи:

1) при повлекување од употреба и отуѓување или

2) поради повторно вреднување, со стапката на пораст на цените на производителите на индустриски производи објавена од Државниот завод за статистика.

Основица за ревалоризација на долгорочните средства претставува набавната вредност на средствата и нивната сметководствено искажана акумулирана амортизација (исправка на вредноста). Ревалоризацијата на нематеријалните и материјалните средства (нивната набавна вредност и исправка на вредноста), што се набавени во изминати години (до 31.12.2015 година) и не се отуѓени во текот на 2016 година, односно истите се искажани по пописот на 31.12.2016 година и претставуваат елементи на билансот на состојбата составен под истиот датум (за што се применува Образецот РЕВ-1), не е пресметувана бидејќи единствениот коефициент за ревалоризација за 2016 година бил негативен и изнесувал -0,006.

### 3.3 Побарувања

Побарувањата се признаваат според договорените износи во договорот.

### 3.4 Залихи

Залихи на ситен инвентар, се признаваат согласно член 14 став 7 од Законот за сметководството за непрофитните организации според кој долгорочните средства чија поединечна вредност во моментот на набавката е пониска од 300 евра во денарска противвредност се класифицира како ситен инвентар.

Залихите на трговска стока, се признаваат согласно член 14 став 3 од Законот за сметководството за непрофитните организации според кој краткорочните средства се искажуваат по набавна вредност. Набавната вредност на залихите ја сочинува куповната цена зголемена за увозни царини, данок на додадена вредност, издатоците за превоз и сите други издатоци кои директно можат да се додадат на набавната вредност, односно на трошоците за набавка.

### 3.5 Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти се состојат од паричните средства во благајна, на трансакциски сметки, депозити во банки и високо ликвидни вложувања кои брзо можат да се претворат во пари. Паричните средства во благајната и на сметките во домашна валута се прикажуваат во номинален износ, а во странска валута по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на билансирањето.

### 3.6 Обврски

Обврските се признаваат според договорените износи во договорот.

### 3.7 Обврски за даноци

Даноците се пресметуваат и се плаќаат согласно законските прописи во Република Македонија. Основните активности кои ги извршува Коалицијата не преставуваат промет во смисла на Законот за данокот на додадена вредност и не се предмет на оданочување со ДДВ. Данокот од добивка се пресметува и плаќа на даночно непризнаени расходи во даночниот биланс.

## 4.ВКУПНИ ПРИХОДИ

Вкупните приходи се состојат од следново (во 000 Денари):

| | 31 Декември 2016 | 31 Декември2015 |
|---|---|---|
| Приходи од донации | 10.406 | 7.064 |
| | 10.406 | 7064 |
| Пренесен дел на вишокот на приходите од претходната година | 139 | - |
| *Вкупно приходи* | ***10.545*** | ***7.064*** |

Коалицијата своите приходи ги остварува од донации и грантови. Донациите според намената се или ненаменски, односно за реализирање на програмските активности на Коалицијата, или строго наменски за реализирање на конкретен проект.

Приходите од донации за годината што завршува на 31 декември 2016 година се однесуваат на уплатени средства на сметката на Коалицијата за реализирање на нејзините проектни активности.

### 4.1.Приходи од донации по донатори

Приходите од донации по донатори е како што следи (во 000 Денари):

| | 31 Декември 2016 | 31 Декември 2015 |
|---|---|---|
| Фондација отворено општество | 6.724 | 3.987 |
| Факултет за медии и комуникации Белград | 262 | 969 |
| ФИООМ-РРПП | 190 | - |
| ЕПИ | - | 210 |
| УСАИД | 1.244 | 1.726 |
| Амбасада на САД | 272 | - |
| Хелсишки комитет (УСАИД) | 65 | - |
| МЦМС (ЦИВИКА) | 1.536 | - |
| Хенрих Боолд Стифтунг | 113 | - |
| СЗПМЗ | - | 172 |
| *Вкупно приходи од донации* | **10.406** | **7.064** |

## 4.2 Приходи по проекти

Приходите по проекти се следниве (во 000 Денари):

| | **31 Декември 2016** | **31 Декември 2015** |
|---|---|---|
| Промоција и заштита на сексуални и здравствени права на маргинализирините заедници (Фондација Отворено Општество) | 6.724 | 4.159 |
| Програма за промоција на регионалните истражувања во Западен Балкан (РРПП) – (Факултет за медиуми Белград) | 262 | 969 |
| Програма за за промоција на регионалните истражувања во Западен Балкан-ФИООМ-РРПП | 190 | - |
| ЕПИ (Мрежа 23) | - | 210 |
| Правна заштита на жените –УСАИД (ЕСЕ) | 497 | - |
| Граѓанско општество-УСАИД - (ФООМ) | 630 | 545 |
| Подобрување на статусот на ЛГБТ заедницата (проект на УСАИД и Хелсиншки комитет) | 182 | 1.181 |
| Недела на гордоста - Амбасада на САД | 272 | - |
| Инстуционален и организационен развој на организацијата (ЦИВИКА) - МЦМС | 1.536 | - |
| Филмски фестивал - ХЕНРИХ БООЛД | 113 | - |
| *Вкупно приходи по проекти* | **10.406** | **7.064** |

## 5.ВКУПНИ РАСХОДИ

Вкупните расходи се состојат од следново (во 000 Денари):

| | **31 Декември 2016** | **31 Декември 2015** |
|---|---|---|
| Расходи за материјали | 577 | 195 |
| Потрошена енергија | 171 | 155 |
| Други материјални расходи | 692 | 204 |
| ПТТ услуги, телефон и интернет | 84 | 83 |
| Транспортни услуги (патни трошоци) | 196 | 205 |
| Печатарски услуги | 158 | 296 |
| Непроизводни услуги | 276 | 233 |
| Провизија за платен промет | 31 | 32 |
| Расходи за репрезентација и пропаганда | 153 | 305 |
| Наем на деловен простор, опрема и сали | 408 | 329 |
| Дневници и патни трошоци за службени патувања | 99 | 216 |
| Договори на дело и авторски хонорари | 3.912 | 2.857 |
| Бруто плати | 1.545 | 1.349 |
| Останати расходи | 464 | 303 |
| Негативни курсни разлики | 12 | 7 |
| Даноци и придонеси | 48 | 52 |
| Набавка на опрема | 206 | 86 |
| *Вкупно расходи* | **9.032** | **6.907** |

## 5.1. Вкупни расходи за 2016 по видови на трошоци се следните:

| ОПИС | | Износ во 000 денари | |
|---|---|---|---|
| 1.**Расходи за материјали** | | | |
| - Канцелариски материјали | | 79 | |
| - Помошни материјали | | 51 | |
| - Прехрамбени артикли и пијалоци | | 433 | |
| - Резервни делови | | 14 | |
| | **Вкупно:** | | 577 |
| **2.Потрошена енергија** | | | |
| - Трошоци за електрична енергија | | 52 | |
| - Парно греење | | 6 | |
| - Бензин | | 106 | |
| - Вода | | 7 | |
| | **Вкупно:** | | **171** |
| **3. Други материјални расходи** | | | |
| - Хотелски услуги | | 692 | |
| | **Вкупно:** | | **692** |
| **4. ПТТ услуги, телефон и интернет** | | | |
| - Трошоци за телефон | | 48 | |
| - Поштарина | | 36 | |
| | **Вкупно:** | | **84** |
| **5. Транспортни услуги(патни трошоци)** | | | |
| - Патни трошоци за рецепиенти | | 23 | |
| - Такси превоз | | 14 | |
| - Патарини | | 4 | |
| - Авиобилети | | 129 | |
| - Автобуски и железнички превоз | | 26 | |
| | **Вкупно:** | | **196** |
| **6. Печатарски услуги** | | | |
| - Печатење книги и друго | | 158 | |
| | **Вкупно:** | | **158** |
| **7. Непроизводни услуги** | | | |
| - Психолошко советувалиште | | 91 | |
| - Смеководствени услуги | | 18 | |
| - Пристап кон база на податоци - Академик | | 18 | |
| - Изработка на видео клип | | 33 | |
| - Трошоци за куќен совет | | 8 | |
| - Сервисирање на клима | | 4 | |
| - Ревизорски услуги | | 51 | |
| - Останати услуги | | 53 | |
| | **Вкупно:** | | **276** |

| ОПИС | Износ во 000 денари | |
|---|---|---|
| **8. Провизија за платен промет** | **31** | |
| - Провизија за платен промет | | |
| **Вкупно:** | | **31** |
| **9. Расходи за репрезентација и пропаганда** | | |
| - Расходи за репрезентација и пропаганда | 153 | |
| **Вкупно:** | | **153** |
| **10. Наем на деловен простор,опрема и сали** | | |
| - Наем на сала за конференции | 179 | |
| - Наем за канцеларии | 199 | |
| - Наем на опрема | 30 | |
| **Вкупно:** | | **408** |
| **11. Дневници и патни трошоци за службени патувања** | | |
| -Дневници за реципиенти | 99 | |
| **Вкупно:** | | **99** |
| **12. Договори на дело и авторски хонорари** | | |
| - Авторски хонорари и договори за дело | 3.912 | |
| **Вкупно:** | | **3.912** |
| **13. Бруто плати** | | |
| - Нето плати | 1.045 | |
| -Придонеси од плата | 409 | |
| -Даноци од плати | 91 | |
| **Вкупно:** | | **1.545** |
| **14. Останати расходи** | | |
| -Враќање на непотрошени средства на донатори | 418 | |
| -Расходи од минати години | 19 | |
| -Судски и административни такси | 25 | |
| -Затезни камати | 2 | |
| **Вкупно:** | | **464** |
| **15. Негативни курсни разлики** | | |
| -Негативни курсни разлики | 12 | |
| **Вкупно:** | | **12** |
| **16. Даноци и придонеси** | | |
| -Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 32 | |
| -Персонален данок -наемнина | 16 | |
| **Вкупно:** | | **48** |
| **17. Набавка на опрема** | | |
| -Компјутери и печатари | 206 | |
| **Вкупно:** | | **206** |
| **Се Вкупно:** | | **9.032** |

## 5.2 Расходи по проекти

Расходите по проекти се следниве (во 000 Денари):

| | 31 Декември 2016 | 31 Декември 2015 |
|---|---|---|
| Промоција и заштита на сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници (Фондација Отворено Општество) | 5.792 | 4.126 |
| Програма за за промоција на регионалните истражувања во Западен Балкан (РРПП) - Факултет за медиуми Белград | 342 | 889 |
| Програма за за промоција на регионалните истражувања во Западен Балкан – ФИООМ - РРПП | 190 | - |
| ЕПИ (МРЕЖА 23) | - | 210 |
| Правна заштита на жените – УСАИД (ЕСЕ) | 505 | 501 |
| Граѓанско општество - УСАИД (ФООМ) | 630 | 1.181 |
| Подобрување на статусот на ЛГБТ луѓето Проект на УСАИД - Хелсиншки комитет | 166 | - |
| Недела на гордоста-Амбасада на Америка | 272 | - |
| Инстуционален и организационен развој на организацијата (ЦИВИКА) - МЦМС | 1.022 | - |
| Филмски фестивал - ХЕНРИХ БООЛД | 113 | - |
| *Вкупно расходи по проекти* | **9.032** | **6.907** |

## 6. НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА

Нетековните средства се состојат од следново (во 000 Денари):

| **2016** | **Постројки и опрема** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|
| **Ревалоризирана набавна вредност** | | |
| *Салдо на 1 Јануари 2016* | 341 | 341 |
| Нови набавки | 207 | 207 |
| Расходувани | - | - |
| Ревалоризација | - | - |
| *Салдо на 31 Декември 2016* | **548** | **548** |
| **Ревалоризирана исправка на вредноста** | | |
| *Салдо на 1 Јануари 2016* | 217 | 217 |
| Амортизација за 2016 | 271 | 271 |
| Ревалоризација на исправката | - | - |
| *Салдо на 31 Декември 2016* | **488** | **488** |
| ***Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2016*** | ***60*** | ***60*** |
| ***Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2016*** | ***124*** | ***124*** |

| **2015** | **Постројки и опрема** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|
| **Ревалоризирана набавна вредност** | | |
| *Салдо на 1 Јануари 2015* | 255 | 255 |
| Нови набавки | 86 | 86 |
| Расходувани | - | - |
| Ревалоризација | - | - |
| Други средства | - | - |
| *Салдо на 31 Декември 2015* | **341** | **341** |
| **Ревалоризирана исправка на вредноста** | | |
| *Салдо на 1 Јануари 2015* | 156 | 156 |
| Амортизација за 2015 | 61 | 61 |
| Ревалоризација на исправката | - | - |
| Расходувано | - | - |
| Други промени | - | - |
| *Салдо на 31 Декември 2015* | **217** | **217** |
| ***Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2015*** | ***124*** | ***124*** |
| ***Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2015*** | ***99*** | ***99*** |

## 7.ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

Паричните средства се состојат од следново (во 000 Денари):

| | **31 Декември 2016** | **31 Декември 2015** |
|---|---|---|
| Денарски сметки | 1.490 | 127 |
| Девизни сметки | - | 6 |
| *Вкупно парични средства* | *1.490* | *133* |

## 8.ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА

Останатите побарувања се состојат од следново (во 000 Денари):

| | **31 Декември 2016** | **31 Декември 2015** |
|---|---|---|
| Побарувања за дадени аванси | 18 | 15 |
| Останати побарувања | 9 | - |
| *Вкупно останати побарувања* | ***27*** | ***15*** |

## 9.ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

Изворите на средства се состојат од следното (во 000 Денари):

| **2016** | **Деловен фонд-основни средста** | **Ревалоризациони резерви** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|
| *Салдо на 1 Јануари 2016* | **121** | **3** | **124** |
| Нови набавки | 207 | | 207 |
| Продажби | | | |
| Амортизација | (271) | | (271) |
| *Салдо на 31 Декември 2016* | **57** | **3** | **60** |
| **2015** | | | |
| *Салдо на 1 Јануари 2015* | 96 | 3 | 99 |
| Нови набавки | 86 | | 86 |
| Продажби | | | |
| Амортизација | (61) | | (61) |
| *Салдо на 31 Декември 2015* | **121** | **3** | **124** |

## 10.ОСТАНАТИ ОБВРСКИ

Останатите обврски се состојат од следново (во 000 Денари):

| | 31 Декември 2016 | 31 Декември 2015 |
|---|---|---|
| Обврски за даноци | 39 | 9 |
| Обврски за примени аванси | 4 | - |
| *Вкупно обврски* | ***43*** | ***9*** |

## 11.ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБВРСКИ

На 31.12.2016 година Коалицијата не е инволвирана во судски постапки во кои се јавува како тужител или тужена страна.

## 12.ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ НАСТАНИ

По датумот на составување на Билансите не се случиле настани од материјално значење, кои треба да се прикажат во финансиските извештаи.

**Додаток 1**

## Законска обврска за составување на годишна сметка и годишен извештај за работењето

Согласно член 17 од Законот за сметководството на непрофитните организации Годишната сметка која се изготвува вклучува биланс на состојба и биланс на приходи и расходи.

Годишната сметка и финансискиот извештај кои се однесуваат за иста деловна година и кои се подготвени согласно одредбите на Законот и со прописите за сметководство треба да содржат идентични податоци за состојбата на средствата, обврските, приходите, расходите, главнината и остварениот вишок на приходи над расходи на Коалицијата за деловната година.

Органот на управување на Коалицијата, покрај годишната сметка, односно финансиските извештаи, е должен согласно Законот за здруженија и фондации, по завршување на секоја деловна година да изготви и извештај за работата на Коалицијата во претходната година.

Како резултат на разликите во начинот на презентирање на ставките во образците за годишна сметка и истите во финансиските извештаи подготвени според Правилникот за сметководство на непрофитните организации, постојат можности за појава на одредени разлики во начинот на презентирање на ставките. Доколку има значајни разлики, истите се обелоденети во Прилог.

Годишната сметка на Коалицијата и Годишниот извештај за работење се дадени во Додатоците 2 и 3.

Органот на Управување на Коалицијата го разгледал и одобрил Годишниот извештај за работење.

Претседател
Ирена Цветковиќ

Додаток 2

**Годишна сметка за 2016 година**

**- Биланс на состојба**

**- Биланс на приходи и расходи**

Период Контролор

1 2 3 Вид работа | 4 5 6 7 8 9 10 11 Идентификационен број (ЕМБС) | 12 13 14 15 16 17 18 19 20 21 22 23 24 25 26 Резервни кодекси

Назив на непрофитната организација: Коалиција за здравствени, сексуални права на маргинализираните заедници, Скопје
Седиште: Бул.Климент Охридски бр.66 - 1/3 Скопје
Единствен даночен број: 4080011519820 е-пошта: cvetankashaurek@gmail.com

# БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА

на ден 31.12.2016 ГОДИНА

| Ред. бр. | ПОЗИЦИЈА | Ознака за АОП | Износ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Претходна година | Тековна година | | |
| | | | | Бруто | Исправка на вредноста | Нето (5-6) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | АКТИВА<br>А. ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА ( 002+003+008+009) | 001 | 124079 | 547769 | 488038 | 59731 |
| 1. | I. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | 002 | | | | |
| | МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (004 до 007) | 003 | 124079 | 547769 | 488038 | 59731 |
| 2. | Земјишта и шуми | 004 | | | | |
| 3. | Градежни објекти | 005 | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Опрема | 006 | 124079 | 434488 | 402661 | 31828 |
| 5. | Други материјални средства | 007 | | 113281 | 85377 | 27903 |
| | II.МАТЕРИЈАЛНИ И НЕМАТЕРИЈАЛНИ ВЛОЖУВАЊА ВО ПОДГОТОВКА | 008 | | | | |
| 6. | III. ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА | 009 | | | | |

90045

(во денари)

| Ред Бр. | ПОЗИЦИЈА | Ознака за АОП | Износ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Претходна година | Тековна година | | |
| | | | | Бруто | Исправка на вредноста | Нето (5-6) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | . ПАРИЧНИ СРЕДСТВА, КРАТКОРОЧНИ ОБАРУВАЊА И АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ (011+018+019+020+021+022+023+024) | 010 | 148484 | 1517373 | | 1517373 |
| | .ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (012 до 017) | 011 | 133109 | 1489928 | | 1489928 |
| 7. | Жиро-сметка | 012 | 126969 | 1489928 | | 1489928 |
| 8. | Благајна | 013 | 6140 | | | |
| 9. | Девизна сметка | 014 | | | | |
| 10. | Издвоени парични средства и акредитиви | 015 | | | | |
| 11. | Нерезидентна девизна сметка | 016 | | | | |
| 12. | Други парични средства | 017 | | | | |
| 13. | II.ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ | 018 | | | | |
| 14. | III.КУПУВАЧИ | 019 | | | | |
| 15. | IV.ПОБАРУВАЊА ЗА ДАДЕНИ АВАНСИ, ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ | 020 | 15375 | 18667 | | 18667 |
| 16. | V. КРАТКОРОЧНО - ФИНАНСИСКИ ПОБАРУВАЊА | 021 | | | | |

| Ред Бр. | ПОЗИЦИЈА | Ознака за АОП | Износ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Претходна година | Тековна година | | |
| | | | | Бруто | Исправка на вредноста | Нето (5-6) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 17. | VI. ДРУГИ КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА | 022 | | | | |
| 18. | VII.ПОБАРУВАЊА ЗА ПОВЕЌЕ ПЛАТЕНИ ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ | 023 | | 8778 | | 8778 |
| | VIII.АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (025+026+027) | 024 | | | | |
| 19. | Однапред платени разграничени трошоци | 025 | | | | |
| 20. | Пренесен вишок на приходи од претходната година | 026 | | | | |
| 21. | Други активни временски разграничувања | 027 | | | | |
| | В.МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ, СИТЕН ИНВЕНТАР, ПРОИЗВОДСТВО, ПРОИЗВОДИ И СТОКИ (029 до 034) | 028 | | | | |
| 22. | Материјали на залиха | 029 | | | | |
| 23. | Резервни делови | 030 | | | | |
| 24. | Ситен инвентар | 031 | | | | |
| 25. | Производство | 032 | | | | |
| 26. | Производи | 033 | | | | |
| 27. | С т о к и | 034 | | | | |
| | Г.НЕПОКРИЕНИ РАСХОДИ ( 036+037) | 035 | | | | |
| 28. | Непокриени расходи - загуба од Поранешни години | 036 | | | | |
| 29. | Непокриени расходи - загуба од тековната година | 037 | | | | |
| | Д.СРЕДСТВА НА РЕЗЕРВИ (039 + 040) | 038 | | | | |
| 30. | Парични средства на резервите | 039 | | | | |
| 31. | Пласмани и побарувања од резервниот фонд | 040 | | | | |
| | Ѓ.СРЕДСТВА ЗА ДРУГИ НАМЕНИ | 041 | | | | |
| 32. | ВКУПНА АКТИВА (001+010+028+035+038+041) | 042 | 272563 | 2065142 | 488038 | 1577104 |

| Ред број | ПОЗИЦИЈА | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Претходна година (почетна состојба) | Износ на денот на билансирање (тековна година) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | ПАСИВА:<br>I.ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИТЕ СРЕДСТВА | 044 | 120875 | 56527 |
| 34. | а) Деловен фонд | 045 | 120875 | 56527 |
| 35. | II.РЕВАЛОРИЗАЦИОНА РЕЗЕРВА | 046 | 3203 | 3204 |
| | III.ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ ( 048 до 050) | 047 | | |
| 36. | Долгорочни кредити од банки во земјата | 048 | | |
| 37. | Долгорочни кредити од странство | 049 | | |
| 38. | Други долгорочни обврски | 050 | | |
| | V.КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И ПАСИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ ( 052 до 061) | 051 | 8989 | 42961 |
| 39. | Хартии од вредност | 052 | | |
| 40. | Добавувачи | 053 | | |
| 41. | Обврски према државата и други институции за даноци и придонеси и други обврски | 054 | 8989 | 38961 |
| 42. | Краткорочни - финансиски обврски | 055 | | |
| 43. | Други краткорочни обврски | 056 | | 4000 |
| 44. | Краткорочни обврски спрема меѓународни организации | 057 | | |
| 45. | Обврски за примени донации во пари од меЃународни организации | 058 | | |
| 46. | Обврски за примени донации во натура од меЃународни организации | 059 | | |
| 47. | Други обврски спрема меѓународни организации | 060 | | |
| 48. | Обврски за плати | 061 | | |
| | V.ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ . РАЗГРАНИЧУВАЊА ( 063 до 065) | 062 | | 1474412 |
| 49. | Пасивни временски разграни-чувања пресметани и однапред наплатени приходи | 063 | | |

| | | | Претходна година (почетна состојба) | Износ на денот на билансирање (тековна година) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 50. | Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година | 064 | | 1474412 |
| 51 | Други пасивни временски разграничувања | 065 | | |
| 52. | VI.РЕЗЕРВЕН ФОНД | 066 | | |
| 53. | VII.НЕРАСПРЕДЕЛЕН ДЕЛ ОД ВИШОКОТ НА ПРИХОДИТЕ - ДОБИВКАТА | 067 | 139496 | |
| 54. | VIII.ИЗВОРИ НА СРЕДСТВАТА ЗА ДРУГИ НАМЕНИ | 068 | | |
| | ВКУПНА ПАСИВА (044+046+047+051+062+066+067+068) | 069 | 272563 | 1577104 |
| 55. | ВОНБИЛАНСНА ПАСИВА | 070 | | |

Сметководител: Име и презиме: Цветанка Шаурек / 0100949
ЕМБГ: 1504974455139

Сметководител: Име на фирма
ЕМБС:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Во Скопје<br>На ден ___________ | Лице одговорно за составување на билансот<br>Шаурек | М.П. | Раководител<br>[signature] |

Период Контролор

1 2 3 | 4 5 6 7 8 9 10 11 | 12 13 14 15 16 17 18 19 20 21 22 23 24 25 26

Вид работа | Идентификационен број (ЕМБС) | Резервни кодекси

Назив на непрофитната организација: Коалиција за здравствени, сексуални права на маргинализираните заедници, Скопје
Седиште: Бул.Климент Охридски бр.66 - 1/3 Скопје
Единствен даночен број: 4080011519820 е-пошта: cvetankashaurek@gmail.com

## БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ

во периодот од 01.01. до 31.12.2016 година

| Ред. број | ПОЗИЦИЈА | Ознака за АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | I. РАСХОДИ | | | |
| | МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210 ) | 201 | 2046436 | 2870370 |
| 1. | Потрошени материјали | 202 | 194794 | 577143 |
| 2. | Потрошена енергија | 203 | 155116 | 170931 |
| 3. | Други услуги | 204 | | 466507 |
| 4. | Превозни - транспортни услуги | 205 | 204073 | 196443 |
| 5. | Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 206 | 304525 | 152718 |
| 6. | Амортизација | 207 | 86314 | 206445 |
| 7. | Набавна вредност на продадените материјали, стоки и услуги | 208 | | |
| 8. | Наемнини | 209 | 329129 | 408050 |
| 9. | Други материјални расходи | 210 | 772485 | 692133 |
| | ДРУГИ РАСХОДИ ( 212 до 221) | 211 | 3476529 | 4568573 |
| 10. | Провизија за платниот промет | 212 | 31788 | 31179 |
| 11. | Камати на кредити и заеми | 213 | | |
| 12. | Премии за осигурување | 214 | | |
